25411

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
21. VIII. 1979, 11701. 8.



Музеј на археолошките споменици — Сплит: Експонат на Јагода Буиќ

УТРЕ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# ИЗЛОЖБА НА ЈАГОДА БУИЌ

ПО ЉУБЉАНА, Загреб и Дубровник, Скопје, односно Музејот на современата уметност, од утре ќе биде домаќин на самостојната изложба на реномираната хрватска тапиseристка **Јагода Буиќ**. Оваа сплиќанка, која со своите ценети таписерии стекна светски глас, за првпат се претставува во Скопје, а нејзината изложба утревечер во 19 часот ќе ја отвори **Влада Урошевиќ**.

Во Музејот на современата уметност ќе бидат изложени триесеттина композиции од Буиќ, која, како што во каталогот ќе напише Соња Абаџиева Димитрова, во шестата деценија на овој век, заедно со Магдалена Абаканович, ги извршува најреволуционерните промени во оваа ликовна дисциплина, уништувајќи го митот за класичната таписерија и изборувајќи се за нејзиниот рамноправен статус vis á vis сликарството, скулптурата, графиката.

Тоа е истата Јагода Буиќ која со „Ранетиот гулаб“, пред речиси петнаест години, го одушеви светот на Биеналето во Лозана, која со своите „скулптури од волна“ остави силен впечаток врз големиот Хенри Мур при нивната средба во 1971 година, која освои Гран При на Тринаесеттото биенале во Сао Паоло во 1975 година... Истата Јагода Буиќ која своевремно беше најмладиот југословенски костимограф изработувајќи го костимот на Хамлет, која до својот денешен углед дојде преку многубројни студиски патувања и усовршувања во најзначајните светски уметнички центри... Нејзината таписерија, сепак, наједноставно ја оценува Леа Украинчик, директор на Уметничкиот павилјон во Загреб, со зборовите: Тапиcеријата на Буиќ има неколку димензии — време, тактилна особеност, топлина на материјалот, неограничени можности на структурата и, конечно, — трета димензија. Таа таписерија не ја третира како површина што покрива и го декорира ѕидот, туку ѝ ја враќа автономијата, а нејзините изработки слободно живеат во просторот. **С.Ѓ.**